Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 13**

**15.11.2011**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Планот за развојни програми за 2011 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Планот за развојни програми за 2011 година донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-832/2** **Општина Демир Хисар**
**15.11.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

***336.*** Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.3/02; 4/05 и 7/09/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 15.11.2011 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2011 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-831/3** **Совет на Општина Демир Хисар**
**15.11.2011 година** **Претседател**
**Демир Хисар** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2012 година**

1.Го објавувам Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2012 година донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-832/3** **Општина Демир Хисар**
**15.11.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хиса** ***Тони Ангелевски с.р.***

**337.** Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите („Сл. весник на РМ" бр.4/2008), а согласно член 43 став 1 точка од Статутот на општина Демир Хисар („Сл. гласник на општина Демир Хисар" бр.3/2002), Советот на општина Демир Хисар за седницата што се одржи на ден 15.11.2011 година, донесе

***ПЛАН ЗА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ***
***На општина Демир Хисар за 2012 година***

Согледувајќи ги потребите на граѓаните, а поаѓајќи од целта за подобрување на квалитетот на животот на територијата на општина Демир Хисар, ценејќи ги општите текови и особено потребата од развој во натамошниот период во областите од економскиот развој и комуналното уредување, општина Демир Хисар особено ќе развива планови и програми и тоа:

**1. Развојна програма-**

**Изградба на фекална канализација с.Слоештица**

Изградбата на фекалната канализација с.Слоештица е започната на 09.12.2008 година. До крајот на 2009 година од вкупно 3310 $м^1$ канализациона мрежа и 97 ревизиони, односно каскадни шахти, изградена е канализациона мрежа во должина од 2348 $м^1$ и 61 ревизиона, односно каскадна шахта. Вкупната вредност на фекалната канализација по договор за градба изнесува 7.093.132,00 денари и до крајот на 2009 година се реализирани вкупно 3.464.619,15 денари.

Со оваа развојна програма предвидено е да се доизгради преостанатата канализациона мрежа во должина од 962 $м^1$ и 36 ревизиони, односно каскадни шахти. Пречистителна станица за с.Слоештица за која има изработено техничка документација-основен проект ќе започне со градба после 2014 година. Со завршување на наведените објекти ќе се подобри здравјето на граѓаните и општото здравје на речниот екосистем.

Фекалната канализација се гради согласно изработената (ревидирана) техничката документација-основниот проект во 2007 година.

Ризик постои околу навременото решавање на имотно-правните работи (дополнителни барања на граѓаните на с.Слоештица).

Датум на завршување на проектот-фекална канализација се планира до 15.11.2013 година.

Се планира вкупната вредност на оваа развојна програма да изнесува 3.628.513,00 денари (за доизградба на фекалната канализација).

Оваа развојна програма се однесува за периодот од 2012 година до 2013 година. Но, имајќи ја во предвид актуелноста на проблемот со здравјето на граѓаните и општото здравје на речниот екосистем, стандардот на живеење, прекинување на миграцијата село-град, а воедно и создавање на услови за повторно заживување на селото, равојната програма за изградба на фекална канализација и пречистителна станица с.Слоештица ќе продолжи и во наредните години (после 2013 година со реализација на проектот-пречистителна станица).

Поради големиот обем и висина на потребните финансиски средства кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, а кои изнесуваат 3.628.513,00 денари, доизградбата ќе се извршува фазно во наредните две години, односно до 2013 година.

За реализација на оваа развојна програма за 2012 година се предвидени средства во износ од 1.550.000,00 денари, а 2.078.513,00 денари се планираат во 2013 година.

За реализација на оваа развојна програма покрај планираните средства од изворните приходи на Буџетот на општина Демир Хисар, ќе се користат средства од Буџетот на Република Македонија преку соодветните програми од Фонд за водите на Република Македонија.

**2. Развојна програма-**

**Изградба на канал за наводнување „Прибилци“**

Со оваа програма се предвидува да се продолжи изградбата на каналот за наводнување „Прибилци“ кој е започнат со градба во 2002 година. До 2009 година изграден е зафат за наводнување на река „Црна“, затворен канал во должина од 1010 $м^1$ и сифонски премин преку река „Жаба“, но истиот сеуште не може да се користи за наводнување.

Со оваа развојна програма предвидено е да се изработи дел од отворениот канал за наводнување во должина од 1520,00 $м^1$, со што би се овозможило наводнување на дел од земјоделските површини околу с.Прибилци.

Отворениот канал за наводнување во должина од 1520,00 $м^1$ ќе се гради согласно изработената (ревидирана) техничката документација-основниот проект во 2009 година, а за останатата делница во должина од 3.818,00 $м^1$ техничката документација ќе биде изработена (ревидирана) во текот на 2012 година.

Ризик постои околу решавање на имотно-правните работи.

Датум на започнување со имплементација на проектот се планира 01.05.2012 година, а датум на завршување на проектот се планира 15.11.2014 година.

Се планира вкупната вредност на развојната програма да изнесува 7.397.302,00 денари (за должина на каналот од 1.520,00 $м^1$).

Оваа развојна програма се однесува за периодот од 2012 година до 2014 година. Но, имајќи ја во предвид актуелноста на проблемот со наводнување на земјоделските површини во другите населени места (с.Сладуево, с.Журче и с. Граиште) и создавање на услови за зголемување на квантитетот и квалитетот на произведените земјоделски култури, стандардот на живеење, прекинување на миграцијата село-град, а воедно и создавање на услови за повторно заживување на селата, равојната програма за изградба каналот за наводнување ќе продолжи и во наредните години (после 2014 година).

Поради големиот обем и висина на потребните финансиски средства кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, а кои изнесуваат 7.397.302,00 денари, изградбата ќе се извршува фазно во три години, започнувајќи од 2012 година па се до 2014 година.

За реализација на оваа развојна програма за 2012 година се предвидени средства во износ од 4.000.000,00 денари, а по 1.700.000,00 денари се планираат во 2013 и во 2014 година.

За реализација на оваа развојна програма покрај планираните средства од изворните приходи на Буџетот на општина Демир Хисар, ќе се користат средства од Буџетот на Република Македонија преку соодветните програми од Фонд за водите на Република Македонија.

Овај план за развојни програми влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Демир Хисар“.

**Бр. 07-831/4 Совет на општина Демир Хисар**
**15.11.2011 година Претседател,**
**Демир Хисар Љупчо Ангелески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за поништување на Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на градби за проширување на капацитетот за фабриката челичен лив и гранулат „Железник" АД Сопотница, Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за поништување на Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на градби за проширување на капацитетот за фабриката челичен лив и гранулат „Железник" АД Сопотница, Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08- 832/4 Општина Демир Хисар**
**15.11.2011 година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

***338.*** Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 17 **од Законот за просторно** и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 60/2011), член 15 и член 43 точка 16 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 15.11.2011год. донесе

**О Д Л У К А**
**За поништување на Одлуката за отпочнување на изработка на локална урбанистичкапланска документација за изградба на градби за проширување на капацитетот за фабриката челичен лив и гранулат „Железник" АД Сопотница, Демир Хисар**

1.Со оваа одлука се понуштува одлуката за отпочнување на изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на градби за проширување на капацитетот на Фабриката за челичен лив и гранулат „Железник" АД Сопотница, Демир Хисар.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Демир Хисар.

О б р а з л о ж е н и е

Фабриката за челичен лив и гранулат „Железник" АД Сопотница, Демир Хисар, поднесе дополително барање за измени и дополнување на Урбанистичкиот план за с.Сопотница, Демир Хисар, со проширување на опфатот на урбанистичкиот план за с.Соптница за КП бр.722, КО Сопотница, која е во сопственост на барателот. Согласно Законот за просторно планирање, измени и доплнување со проширување на опфатот можат да се изработат со постапка за измени и дополнувања на Урбанистичкиот план, а не со изработка на ЛУПД.

Поради гореизнесеното, се поништува Одлуката за отпочнување на изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на градби за проширување на капацитетот за фабриката челичен лив и гранулат „Железник" АД Сопотница, Демир Хисар и потребно е да се донесе Одлука за отпочнување на со изработка на измени и дополнување на урбанистички план за с.Сопотница, со опфат кој останува ист од одлуката која се поништува и се дополнува со КП бр. 722, КО Сопотница.

**Бр.07-831/5 Совет на општина Демир Хисар**
**15.11.2011 година Претседател,**
**Демир Хисар Љупчо Ангелевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за измени и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2011 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина демир Хисар за 2011 година донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-832/5** **Општина Демир Хисар**
**15.11.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

**339**.Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 60/2011), член 15 и член 43 точка 16 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 15.11.2011 год. донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2011год.**

**Член 1**
**Во членот 1 од Одлуката бр.__________ за донесување на Програма за урбанистички планови за општина Демир Хисар за 2011год., се додава нова глава – V која се однессува за изработка на Урбанистички планови во населено место.**

**Член 2**
**Во новата глава V се додава точка 1 , која се однесува за отпочнување со изработка на Измени и дополнувања на Урбанистички план за с.Сопотница, применуван од ГУП за с. Сопотница со Одлука на Совет на општина, бр. 07-983/6 од 07-07-2006год.,** за изградба на објекти со кои се проширува капацитетот на фабриката челичен лив и гранулат „Железник“ АД Сопотница, Демир Хисар, со опфат за КП бр. 533 до КП бр. 543, од КП бр. 687 до КП бр. 700, КП бр. 722, и КП бр. 729, сите КО Сопотница, со површина од 44.480 м$^2$, општина Демир Хисар, како и проширување на опфатот на УП за с. Сопотница, за катастарските парцели: КП бр. 716, КП бр. 717, и КП бр. 721, сега во состав на КП бр. 722, КО Сопотница, кои се во сопственост на инвеститорот, согласно графички прилог кој е составен дел од оваа Одлука.

Измената на Програмата се врши на барање на „Железник“ АД - Челичен лив и гранулат, Сопотница, доставено до Советот и Градоначалникот на Општина Демир Хисар, **бр. 11-505 од 21-07-2011год..**

**Член 3**
Согласно чл. 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, финансирањето на плановите од Програмата, може да биде од страна на правни и физички лица, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општините.

**Член 4**
Програмата влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-831/6** **Совет на општина Демир Хисар**
**15.11.2011 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Љупчо Ангелевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за отпочнување на изработка на Измени и дополнување на Урбанистички план за с.Сопотница, за изградба на градби за проширување на капацитетот за работата на фабриката челичен лив и гранулат „Железник“ АД Сопотница Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за отпочнување на изработка на Измени и дополнување на урбанистички план за с.Сопотница за изградба на градби за проширување на капацитетот за работата на фабриката челичен лив и гранулат „Железник“ АД Сопотница Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-832/6** **Општина Демир Хисар**
**15.11.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

**340.** Врз основа на член 17 и 17-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 60/11, -пречистен текст), член 22 став 1 точка 1 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 15.11.2011 год. донесе

**О Д Л У К А**
за отпочнување на изработка на Измени и дополнувања на Урбанистички план за с.Сопотница, за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на **фабриката челичен лив и гранулат „Железник“ АД Сопотница, Демир Хисар**

**Член 1**

Се отпочнува со изработка на Измени и дополнувања на Урбанистички план за с.Сопотница, за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на фабриката за челичен лив и гранулат „Железник“ АД Сопотница, Демир Хисар, со намена **Г - индустрија**, опфат за КП бр. 533 до КП бр. 543, од КП бр. 687 до КП бр. 700, КП бр. 722, и КП бр. 729, сите КО Сопотница, со површина од 44.480 м$^2$, општина Демир Хисар, како и проширување на опфатот на УП за с. Сопотница, за катастарските парцели: КП бр. 716, КП бр. 717, и КП бр. 721, сега во состав на **КП бр. 722, КО Сопотница,** кои се во сопственост на инвеститорот, согласно графички прилог кој е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Оваа одлука се донесува на барање на на „Железник“ АД - Челичен лив и гранулат, Сопотница, доставено до Советот и Градоначалникот на Општина Демир Хисар, бр. **бр. 11-505 од 21-07-2011год.,** а согласно чл. 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, финансирањето на плановите од Програмата, може да биде од страна на правни и физички лица, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општините.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Сл. гласник на Општина Демир Хисар

**Бр.07-831/7** **Совет на општина Демир Хисар**
**15.11.2011 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Љупчо Ангелевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на општински патишта во Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на општински патишта во Општина Демир Хисар донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-832/7** **Општина Демир Хисар**
**15.11.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

**341.** Врз основа на член 9 став 3 од Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ“ бр. 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/2010, 23/2011 и 53/2011) , а во врска со член 43 од Статутот на општина Демир Хисар „Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр. 3/02г.), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 15.11.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат општинските патишта на општина Демир Хисар.

Член 2

За општински патишта на подрачјето на општина Демир Хисар се утврдуваат следните патни правци:

| Р.бр. | ознака | Патен правец | км |
|---|---|---|---|
| 1. | Л601101201 | Врска регионален пат Р1305- Смилево...................................... | 10,0 км |
| 2. | Л601101202 | Врска регионален пат Р1305 –Стругово...................................... | 2,5км |
| 3. | Л601101203 | Врска регионален пат Р1305 –Кутретино.................................... | 2,0км |
| 4. | Л601101204 | Врска регионален пат Р1305 –Вардино-Р2339(раскрсница Света) | 10,0км |
| 5. | Л601101205 | Врска регионален пат Р1305 –Вардино-крак за Суводол.............. | 1,5км |
| 6. | Л601101206 | Врска регионален пат Р1305 –Слепче со крак за манастир Добромирово | 6,0км |
| 7. | Л601101207 | Врска регионален пат Р1305 –Кочишта(до граница со општина Крушево)............. | 12,0км |
| 8. | Л601101208 | Врска регионален пат Р1305 –Кочишта крак за Прибилци............ | 0,5км |
| 9. | Л601101209 | Врска регионален пат Р1305 –Кочишта крак Ново Село............... | 0,5км |
| 10. | Л601101210 | Врска регионален пат Р1305 –Кочишта крак Ракитница............... | 1,5км |
| 11. | Л601101211 | Врска регионален пат Р1305 –Кочишта крак Растојца................ | 0,5км |
| 12. | Л601101212 | Врска регионален пат Р1305 –Радово............................................ | 6,0км |
| 13. | Л601101213 | Врска регионален пат Р1305 –Радово-крак за Суво Грло............... | 1,0км |
| 14. | Л601101214 | Врска регионален пат Р1305 –Железничка станица...................... | 0,5км |
| 15. | Л601101215 | Врска регионален пат Р1305 –Сопотница...................................... | 1,0км |
| 16. | Л601101216 | Врска регионален пат Р1305 –Жван............................................... | 1,5км |
| 17. | Л601101217 | Врска регионален пат Р1305 –Велмевци....................................... | 1,5км |
| 18. | Л601101218 | Врска регионален пат Р1305 –Базерник........................................ | 5,0км |
| 19. | Л601101219 | Врска регионален пат Р1305 –Зашле............................................. | 11,0км |
| 20. | Л601101220 | Врска регионален пат Р1305 –Мало Илино.................................... | 5,0км |
| 21. | Л601101221 | Врска регионален пат Р1305 –Железнец....................................... | 0,5км |
| 22. | Л601101222 | Врска регионален пат Р2339 –Бараково....................................... | 0,5км |
| 23. | Л601101223 | Врска регионален пат Р2339- Вардино........................................ | 1,5км |
| 24 | Л601101224 | Врска регионален пат Р2339- Единаковци.................................... | 1,0км |
| 25. | Л601101225 | Врска регионален пат Р2339- Света............................................ | 1,0км |
| 26. | Л601101226 | Врска регионален пат Р1306- Сладуево........................................ | 0,5км |
| 27. | Л601101227 | Врска регионален пат Р29371-Слоештица..................................... | 4,0км |
| 28. | Л601101228 | Врска регионален пат Р29371- Мренога........................................ | 1,0км |
| 29. | Л601101229 | Врска регионален пат Р29371- Вирово.......................................... | 3,0км |
| 30. | Л601101230 | Врска регионален пат Р29371- Церово.......................................... | 4,0км |
| 31 | Л601101231 | Врска регионален пат Р29371- Лесково........................................ | 3,0км |
| 32. | Л601101232 | Врска регионален пат Р29371- Боишта......................................... | 3,0км |
| 33. | Л601101233 | Врска Смилево-споменик „Даме Груев“.......................................... | 1,0км |
| 34. | Л601101234 | Врска Обедник преку Ман. „Св.Петар“ за Боишта......................... | 15,0км |
| 35. | Л601101235 | Врска Обедник-Метимер(до граница со општина Битола)............ | 4,0км |
| 36. | Л601101236 | Врска Стругово –Загориче.............................................................. | 2,0км |
| 37. | Л601101237 | Врска Стругово-Лесково................................................................. | 10,0км |
| 38. | Л601101238 | Врска Суводол-Манастир „Св. Богородица“.................................... | 3,0км |
| 39. | Л601101239 | Врска Слепче –Лесково................................................................... | 10,0км |
| 40. | Л601101240 | Врска Слепче-Белче......................................................................... | 2,0км |
| 41. | Л601101241 | Врска обиколен пат Демир Хисар-пат за с.Слепче......................... | 1,5км |
| 42. | Л601101242 | Врска Граиште-Манастир „Св.Тома“................................................ | 3,0км |
| 43. | Л601101243 | Врска Прибилци-Сладуево............................................................... | 2,0км |
| 44. | Л601101244 | Врска Прибилци-Сопотница............................................................ | 4,0км |
| 45. | Л601101245 | Врска Радово преку манастир„Св.Атанасиј“ за Сопотница............ | 5,0км |

Член 3

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар“.

**Бр.07-831/8** **Совет на општина Демир Хисар**
**15.11.2011 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Љупчо Ангелевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за жетвените активности во Општина Демир Хисар за 2011 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Информацијата за жетвените активности во Општина Демир Хисар за 2011 година донесен на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-832/8** **Општина Демир Хисар**
**15.11.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

**342.** Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05 и 7/09/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 15.11.2011 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Информацијата за жетвените активности во Општина Демир Хисар за 2011 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Информацијата за жетвените активности во Општина Демир Хисар за 2011 година поднесена од Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство П.Е. Демир Хисар.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-831/9** **Совет на Општина Демир Хисар**
**15.11.2011 година** **Претседател**
**Демир Хисар** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2011 година (Ребаланс)**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2011 година (Ребаланс) донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 15.11.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-832/1** **Општина Демир Хисар**
**15.11.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Тони Ангелевски с.р.***

**343.**Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Рм бр. 61/2004, 96/2004 и 67/2007) Советот на Општина Демир Хисар на 33 седница одржана на 15.11.2011 година донесе:

**ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ**
**на Општина ДЕМИР ХИСАР за 2011 година**

**1.Општ дел**

Член 1

Во Буџетот на Општината Демир Хисар за 2011 година се вршат следниве измени:

| | **Буџет** | **Ребаланс** |
|---|---|---|
| **I.Вкупно приходи** | **122.945.834** | **119.496.034** |
| Даночни приходи | 12.995.500 | 16.257.500 |
| Неданочни приходи | 4.350.000 | 4.350.000 |
| Капитални приходи | 1.100.000 | 2.620.000 |
| Приходи од даноци | 68.236.334 | 68.636.534 |
| Трансфери | 34.094.500 | 25.462.500 |
| Приходи од даноци | 2.169.500 | 2.169.500 |
| **II. Вкупни расходи** | **122.945.834** | **119.496.034** |
| Од утврдени намени | 122.665.834 | 119366.034 |
| Резерви | 280.000 | 130.000 |
| **III. Дефицит** | **0** | **0** |
| **Прилив** | 0 | 0 |
| Домашни приливи | 0 | 0 |
| Приливи од странски заем | 0 | 0 |
| **Одлив** | | |
| Отплата на главница | 0 | 0 |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни наеми се утврдени во билансот на расходи во колоната ребаланс и тоа како што следува:

-------------------------------------------------------------------

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Заклучок за усвојување наИзвештај за реализација на Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2011 година------------------------------------------------------------1
2. План за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2012 година--------------------------------------------------------------1-3
3. Одлука за поништување на Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на градби за проширување на капацитетот за фабриката челичен лив и гранулат „Железник“ АД Сопотница, Демир Хисар-------------------------3
4. Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2011 година---------------------------------------------------4
5. Одлука за отпочнување на изработка на Измени и дополнување на Урбанистички план за с.Сопотница, за изградба на градби за пришурување на капацитетот за работа на фабриката челичен лив и гранулат „Железник“ АД Сопотница, Демир Хисар-------------------------------------------4-5
6. Одлука за утврдување на општински патишта во Општина Демир Хисар--------------------------------------------------------- ----5-6
7. Заклучок за усвојување на Информацијата за жетвените активности во Општина Демир Хисар за 2011 година---------6
8. Одлука за измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2011 година--------------------------------------6

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Тони Ангелевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**